Врз основа на член 17 став 7 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија„ бр.27/14 и 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18, и Службен весник на Република Северна Македонија, бр: 143/19 и 14/20), директорот на Јавната установа Детски културен центар „Карпош„ – Скопје на 23.06.2021 година донесе

Јавна установа
Institucioni publik
ДЕТСКИ КУЛТУРЕН ЦЕНТАР КАРПОШ
QENDRA KULTURORE PËR FËMIJË KARPOSH
Скопје, Република Северна Македонија
Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
Број/numër 01 – 334
Дата/data 23.06.2021

**П Р А В И Л Н И К**

**за изменување и дополнување на Правилникот**

**за систематизација на работните места на**

**ЈУ Детски културен центар „Карпош„ – Скопје**

Член 1

Со овој Правилникот се врши изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во ЈУ Детски културен центар „Карпош" со архивски број 01 –339/1 од 12.08.2020 година и Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места во ЈУ Детски културен центар „Карпош" со архивски број: 01 - 416 од 22.09.2020 година.

Член 2

Во делот Табеларен приказ на работните места во ЈУ Детски културен центар „Карпош" во Стручна служба - Даватели на јавни услуги во Музичко одделение, во работното место со реден број 5. со шифра КУЛ 03 04 Б01 009, назив на работното место - Кореограф/Етнокореолог, во делот број на извршители: бројот 2 се заменува со бројот 1.

Член 3

Во делот Табеларниот приказ на работните места во ЈУ Детски културен центар „Карпош" во Стручна служба -- даватели на јавни услуги, во Музичко одделение, по работното место со реден број 7, со шифра КУЛ 0304 Г02 001, назив на работното место - Стручен соработник на програмата за забавна музика и хор, се додава ново работно место со реден број - 7а, кое гласи:

| **3.1 Музичко одделение** | |
|---|---|
| 7а. Реден број и шифра | КУЛ 0304 Г02 001 |
| Звање на работно место | Стручен соработник за сценско - музичка дејност |
| Назив на работно место | Стручен соработник за музичка програма |

| | |
|---|---|
| Број на извршители | 1 |
| Вид на образование | Средно стручно (музичко образование ) или Високо образование (музички уметности) |
| Други посебни услови | |
| Работни цели | Активно, ефективно и успешно реализирање на одбрана годишна програма од делокругот на одделението |
| Работни задачи | • Одговорен за изготвување на годишната програма по забавна музика, односно за класична и акустична гитара;<br>• Ја организира и изведува курсната настава по класична и акустична гитара ;<br>• Се грижи за соработката и координацијата со музичкото училиште, основните училишта и културните центри;<br>• Ги подготвува учениците за учество на сите позначајни натпревари и манифестации во градот и надвор од него;<br>• Се грижи за постојаноста на репертоарот и подготовката на учесниците. |
| Одговара пред | Директорот |

Член 4

Согласно измените кои што се вршат на интегралниот дел на Правилникот, се вршат измени и дополнувања и во табеларниот преглед, кој е доставен како Прилог на овој правилник.

Член 5

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добиената писмена согласност од Министерството за информатичко општество и администрација и по усвојување на Управниот одбор на установата.

Директор

Арх.бр. д-р Билјана Лалчевска Серафимовска

Скопје 23.06.2021 год.